UDK 902

ISSN 0350-0179 (print)
ISSN 2545-4358 (online)

BALCANOSLAVICA

52

2023

vol. 52
Issue 1-2

BALCANOSLAVICA VOLUME 52, ISSUE 1-2, pag. 1-168, PRILEP, 2023

Издавач:
ЈНУ Институт за старословенска култура - Прилеп

Издавачки совет:
Александар ВАСИЛЕСКИ (Прилеп)
Марија ЧИЧЕВА АЛЕКСИЌ (Прилеп)
Ели ЛУЧЕСКА (Прилеп)
Иван ЗАРОВ (Прилеп)
Орданче ПЕТРОВ (Прилеп)

Секретар:
Катерина РОСИКОПУЛОС

Технички уредник:
Катерина РОСИКОПУЛОС

Лектор на македонски јазик:
Виолета КРСТЕСКА

Превод на англиски:
Орхидеја ЗОРОВА

Компјутерска обработка:
Наумче ГРИЖОСКИ

Печати:

Тираж:

Publisher:
PRI Institute of Old Slavic Culture - Prilep

Advisory board:
Aleksandar VASILESKI (Prilep)
Marija ČIČEVA ALEKSIĆ (Prilep)
Eli LUČESKA (Prilep)
Ivan ZAROV (Prilep)
Ordanče PETROV (Prilep)

Secretaty:
Katerina ROSIKOPULOS

Technical editor:
Katerina ROSIKOPULOS

Macedonian proofreading:
Violeta KRSTESKA

Translation in English:
Orhideja ZOROVA

Computer layout:
Naumche GRIZHOSKI

Printed by:

Printed in:

Адреса:
ЈНУ Институт за старословенска култура - Прилеп
ул. Кичевско Џаде, бб. 7500 Прилеп,
Р Македонија
balcanoslavica@isk.edu.mk
www.balcanoslavica.mk
https://www.doi.org/10.58301/BM

Adrress:
PSI Institut for Old Slavic Culture - Prilep
Kichevsko Dzade st. bb, 7500, Prilep,
Republic of Macedonia
balcanoslavica@isk.edu.mk
www.balcanoslavica.mk
https://www.doi.org/10.58301/BM

UDK 902

ISSN 0350-0179 (print)
ISSN 2545-4358 (online)

BALCANOSLAVICA
52/1-2
2023

Главен уредник и редактор:
Александар ВАСИЛЕСКИ (Прилеп)

Уреднички одбор:
Сашо ЦВЕТКОВСКИ (Р.С. Македонија)
Анета СЕРАФИМОВА (Р.С. Македонија)
Елизабета ДИМИТРОВА (Р.С. Македонија)
Сашо КОРУНОВСКИ (Р.С. Македонија)
Елица МАНЕВА (Р.С. Македонија)
Јанис ЦУРИС (Грција)
Иванка ГЕРГОВА (Бугарија)
Роберт МИХАЈЛОСКИ (Австралија)
Саша ЧАВАЛ (Словенија/САД
Јелена БОГДАНОВИЌ (САД)
Смилјка ГАБЕЛИЌ (Србија)
Маријанка БОРИСОВА (Бугарија)
Мариола МИКОЛАЈЧАК ВАЛЧАК (Полска)

UDK 902

ISSN 0350-0179 (print)
ISSN 2545-4358 (online)

BALCANOSLAVICA
52/1-2
2023

Editor-in-Chief:
Aleksandar VASILESKI (Prilep)

Editorial commitee:
Sašo CVETKOVSKI (N. Macedonia)
Aneta SERAFIMOVA (N. Macedonia)
Elizabeta DIMITROVA (N. Macedonia)
Sašo KORUNOVSKI (N. Macedonia)
Elica MANEVA (N. Macedonia)
Yannis TSOURIS (Greece)
Ivanka GERGOVA (Bulgaria)
Robert MIHAJLOSKI (Australia)
Saša CHAVAL (Slovenia/USA)
Jelena BOGDANOVIĆ (USA
Smiljka GABELIĆ (Serbia)
Mariyanka BORISOVA (Bulgaria)
Mariola MIKOLAJCZAK WALCZAK (Poland)

BALCANOSLAVICA VOLUME 52, ISSUE 1-2, pag. 1-168, PRILEP, 2023

СОДРЖИНА / CONTENT

9
ПРЕДГОВОР

11
FOREWORD

13-26
Наде ПРОЕВА
ЗА ОДРАЗОТ НА ЕДНА ФРИГИСКА ЛЕГЕНДА НА НАДГРОБНИТЕ СПОМЕНИЦИ НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД РИМСКО ВРЕМЕ

Nade PROEVA
ON THE REFLECTION OF A PHRYGIAN LEGEND ON THE ROMAN PERIOD TOMBSTONES OF THE MACEDONIANS

27-36
Бошко АНГЕЛОВСКИ
ИНИЦИЈАЦИИТЕ ВО ИСТОЧНИТЕ КУЛТОВИ-ПАТ ДО БЕСМРТНОСТА

BoŠko ANGELOVSKI
INITIATIONS IN EASTERN CULTS WAY TO IMMORTALITY

37-56
Борис БОРИСОВ, Генчо ДИМИТРОВ
11 ВЕКА РЕЛИГИОЗЕН КОНТИНЮИТЕТ

Boris BORISOV, GenĆo DIMITROV
11 CENTURY OF RELIGIOUS CONTINUITY

57-74
Христијан ТАЛЕВСКИ
ПРВИТЕ МАНИФЕСТАЦИИ ОД ХРИСТИЈАНСТВОТО ВО УРБАН КОНТЕКСТ
– стратиграфски согледувања и урбана топографија во неколку доцноримски населби во Македонија –

Hristijan TALEVSKI
THE FIRST MANIFESTATIONS OF CHRISTIANITY IN AN URBAN CONTEXT
– stratigraphic observations and urban topography in several late Roman settlements in Macedonia –

75-88
Anastassios ANTONARAS, Dejan GJORGJIEVSKI, Miroslav PETKOVSKI
GLASS FINDS FROM THE EXCAVATIONS OF THE EARLY CHRISTIAN CHURCH AT GRADISHTE, PCHINJA

Анастасиос АНТОНАРАС, Дејан ЃОРЃИЕВСКИ, Мирослав ПЕТКОВСКИ
СТАКЛЕНИ НАОДИ ОД ИСКОПУВАЊАТА НА РАНОХРИСТИЈАНСКАТА ЦРКВА НА ГРАДИШТЕ – ПЧИЊА

89-96
Valeri YOTOV
GOLDEN RING – IMITATION OF THE “ANASTASIS” ROTUNDA ABOVE THE HOLY SEPULCHRE IN JERUSALEM

Валери ЙОТОВ
ЗЛАТЕН ПРЪСТЕН – ИМИТАЦИЯ НА РОТОНДАТА „ВЪЗКРЕСЕНИЕ“ НАД БОЖИ ГРОБ В ЙЕРУСАЛИМ

97-116
Миша РАКОЦИЈА
О ГРАДУ НИШУ И ЊЕГОВИМ БЕДЕМИМА ОД IV ДО XVIII ВЕКА

Miša RAKOCIJA
ABOUT THE CITY OF NIŠ AND ITS WALLS FROM THE 4TH TO THE 18TH CENTURY.

117-132
Катерина РОСИКОПУЛОС
ПРСТЕНИ СО РЕЛИГИСКИ И СИМБОЛИЧКИ МОТИВИ ОД ОКОЛИНАТА НА ПРИЛЕП: X-XVI ВЕК

Katerina ROSIKOPULOS
RELIGIOUS AND SYMBOLIC MOTIF RINGS FROM THE PRILEP REGION: 10 -16 CENTURY

133-150
Damjan Donev
THE DISTRIBUTION OF COUNTRYSIDE CHAPELS AND SACRED PLACES IN SKOPJAN MONTENEGRO

Дамјан ДОНЕВ
ТОПОГРАФИЈА НА ПОЛСКИТЕ ЦРКВИ И СВЕТИ МЕСТА ВО СКОПСКА ЦРНА ГОРА

151-168
Smiljka GABELIĆ
SKIT SV. VARVARE NA ORAŠCU U BLIZINI LESNOVA I O SVETITELJIMA ZAŠTITNICIMA RUDARA

Smiljka GABELIĆ
SANCTUARY OF SAINT BARBARA AT ORAŠAC NEAR LESNOVO AND ABOUT PATRON SAINTS OF MINERS

ПРЕДГОВОР

Педесет и вториот број на меѓународното научно списание „Балканославика“ претставува корпус од трудови презентирани на научниот собир „Одрази на верувањата: Материјалните и општествените манифестации на сакралноста“ (Охрид, 04–06 октомври 2023 година). Имајќи го предвид интердисциплинарниот дискурс на собирот, како и евидентната обемност на приложените истражувања, редакцискиот одбор пристапи кон нивна тематска поделба во два засебни броја. Ваквата одлука не е само од техничка природа, туку има и методолошка основа, бидејќи изданието што е пред вас е посветено на археологијата и на непосредните, материјални сведоштва за религиозните и духовните концепти.

Изборот на темата на научниот собир се должи на фактот што сакралноста, несомнено, е еден од најмоќните генератори на културното творештво низ историјата и исклучително значајна тема за фундаментални научни истражувања. Проучувањето на сакралноста ни овозможува да стекнеме значајни сознанија за комплексните културни процеси низ историјата, преку кои е формирано нашето секојдневие. Сметаме дека ваквите проучувања се од есенцијално значење за хуманистичките науки, особено ако се земе предвид дека со фаворизирањето на новите методолошки пристапи и со внесувањето на современите технологии, фундаменталните, спознајно ориентирани истражувања стануваат сè поретки. Што се однесува до археологијата, клучниот епистемолошки предизвик со кој таа се соочува е опасноста од сведување на научната мисла на обичен позитивизам, преку голо изложување фактографски податоци стекнати со примена на новите технологии. Во ера на фасцинација од дигиталните алатки и инсистирање на апсолутна егзактност, постои реален ризик материјалното наследство да биде третирано исклучиво како квантитативен податок, а не како одраз на комплексни духовни идеи.

Сметаме дека трудовите застапени во овој број не се само презентација на археолошки наоди, туку претставуваат свесен методолошки напор да се надмине суровата емпирија. Имплементацијата на современите методи на истражување овде е ставена во функција на подлабоко толкување, докажувајќи дека голем дел од археолошките наоди и артефакти, всушност, се сведоштва за некои од најзначајните сфаќања на нашите предци. Преку ваквото поставување на темата на научниот собир, сметаме дека во трудовите што го сочинуваат овој број на „Балканославика“, фокусот се враќа на вистинската цел на оваа дисциплина – не само технички да се документира минатото, туку суштински да се разберат цивилизациските вредности на човештвото.

FOREWORD

The fifty-second issue of the international scientific journal Balkanoslavika brings together a selection of papers originally presented at the scholarly conference Reflections of Beliefs: Material and Social Manifestations of the Sacred, which was held in Ohrid from 4 to 6 October 2023. Reflecting the conference's explicitly interdisciplinary orientation, as well as the breadth and depth of the contributions submitted, the editorial board has undertaken a thematic division of the material into two separate issues. This editorial decision is not merely technical, but grounded in methodological considerations. The present volume is devoted specifically to archaeological inquiry and to the analysis of the direct, material evidence bearing witness to the religious and spiritual concepts.

The selection of the conference theme was motivated by the recognition that the sacred has long functioned as one of the most powerful generators of cultural creativity and remains a subject of central importance for fundamental scholarly inquiry. The study of the sacred provides critical insight into the complex cultural processes through which human societies have been shaped, offering a deeper understanding of the historical formations that continue to form everyday life. We believe that such studies are of essential importance for the humanities, particularly at a moment when the increasing privileging of new methodological frameworks and technologically driven approaches has contributed to the relative marginalization of foundational, cognitively oriented investigations. As for archaeology, the key epistemological challenge it faces is the danger of reducing scientific thought to mere methodological positivism, characterized by the uncritical presentation of empirical data generated through advanced technological means. In an era marked by a strong emphasis on digital tools and the pursuit of precision, material heritage may be in danger of being construed primarily as a body of quantifiable information, rather than as an expression of complex symbolic systems and spiritual concepts.

We believe that the papers presented in this issue do not merely offer a presentation of archaeological findings, but rather constitute a deliberate methodological effort to transcend crude empiricism. The application of contemporary research methods is here placed in the service of deeper interpretation, demonstrating that a substantial portion of archaeological finds and artifacts represent, in essence, testimonies to some of the most significant understandings of past societies. By framing the theme of the scientific gathering in this manner, we contend that the contributions assembled in this issue of Balkanoslavika reorient the discipline toward its fundamental aim - not solely the technical documentation of the past, but the comprehensive understanding of the civilizational values of humanity.

ЗА ОДРАЗОТ НА ЕДНА ФРИГИСКА ЛЕГЕНДА НА НАДГРОБНИТЕ СПОМЕНИЦИ НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД РИМСКО ВРЕМЕ

Наде ПРОЕВА
Универзитетски професор во пензија, Скопје

изворен научен труд
UDC: 904:[7.04:726.82(497.7)"652"
727.82:2-264(381)"652"
DOI: https://www.doi.org/10.58301/BM23591-213p

Апстракт: *Заради филолошкиот и хеленоцентричен пристап во изучување на историјата на нехеленските тнр. барбарски народи, зашто брбореле на јазик неразбирлив за Хелените, нивната религија, а особено митологијата, во прв ред на Македонците, (но и на поодалечните - Римјаните, Етрурците), сè до денес се објаснува како псевдомитологија што наводно била направена со позајмици од грчката митологија, или пак се толкува како хеленска - на пр. македонската. Ваквото толкување на современите изучувачи, овде ќе биде разобличено со примерот на фригиската легенда за гостољубивите сопружници Филемон и Баукида (запишана од Овидиј, Преобразби) којашто ја нема во хеленската митологија - не се споменува ниту во култот на Зевс ниту на Хермес, но сепак е вклучена во секој речник за грчка митологија. Одраз на оваа легенда е иконографијата на една група надгробни споменици од римско време во Македонија - најбројни по течението на р. Вардар (Axios) - редок пример на материјален одраз на легендарно минато и затоа исклучително значајни.*
Со одразот на фригиската легенда на овие надгробни споменици се поткрепува прастарата традиција за преселбата на Бригите зачувана само како мит, како и сродството Фриги / Бриги - последниве сублимирани во етногенезата на античките Македонци, како и дека идентитетот може и треба да се изучува и со митовите.

Клучни зборови: *Македонија, надгробни споменици, митски реминисценции, бригиско-фригиска миграција, Филемон и Букида.*

"Боговите слегоа кај нас во човечки лик!" И Варнава го нарекоа Зевс, а Павле Хермес, бидејќи тој го водеше зборот. (Дела 14:11-12)

Огромното растојание од далечната праисторија т.е. од митско до христијанско време, во овој труд ќе го премостам со расчленување и разјаснување на една бригиско-фригиска легенда чијшто одраз го наоѓам на надгробните споменици од римско време (II-III век н. ера), и чија што иконографија досега е толкувана различно и крајно спротивставено (келтски култ на дрвото, верници на божествата Атис и Кибела, Мен, или пак како споменици на манихејски верници).[1] Тоа во прв ред се должи не само на невообичаената иконографија туку и на погрешниот методолошки пристап во досегашните изучувања.

Станува збор за бригиско-фригиската легенда за гостољубивиот и побожен брачен пар Филемон и Баукида, забележана и раскажана

[1] Овие различните мислења се аргументирано отфрлени од Наде Проева, Иконографија на тиквешкиот тип надгробни стели од римско време, *Патримониум* III/7–8, (2010): 93 –108.

во 2/2 половина на I век ст. ера, од римскиот поет Овидиј, во неговото дело Преобразби (Metamorphosis), [2] чијшто одраз може да се види на надгробните стели од римско време во Македонија. Стелите се најбројни долж средното течение на реката Вардар (Axios), а ги има во областите од двете страни на реката сè до нејзиното устие.

Брачниот пар Филемон и Баукида, од околината на градот Тијана во Фригија, биле единствените, кои што во нивниот мал и скромен дом ги примиле, угостиле и им дале преноќиште на боговите Јупитер и Меркур (пандан на Зевс и Хермес), преправени во просјаци. Имено во легендите и митовите од античко време боговите имаат моќ да се преобразуваат во различни облици - во нивните меѓусебни односи најчесто се појавувале во животински лик, а пак меѓу луѓето во човечки лик.

Иако биле сиромашни, сопружниците срдечно ги угостиле двајцата патници-намерници[3] со вино и храна, детално опишана од Овидиј.[4] Сопружниците забележале дека, стомната со вино не се празнела, иако на гостите многупати им ги наполниле чашите од буковото дрво со вино. Сфаќајќи дека нивните гости се богови, двајцата сопружници со кренати раце ги молеле да им простат за скромната храна, и почнале да ја бркаат гуската, чувар на нивниот дом, за да им направат богат оброк. Но кога гуската притрчала кај боговите,[5] тие не им дозволиле да ја убијат и тогаш им го откриле нивниот вистински идентитет. Им рекле дека нивните безбожни соседи ќе платат заслужена казна и дека само тие двајца ќе бидат спасени. Потоа ги повикале, заедно со нив да се искачат на планината.[6] Откако остарените сопружници со мака се искачиле на врвот и погледнале назад, виделе дека целиот предел бил уништен од поплава и дека нивната трошна колиба е претворена во прекрасен храм. Имено, боговите со потоп ги казниле жителите на Фригија, а ја поштедиле само трошната колиба на гостољубивиот брачен пар претворајќи ја во храм. Боговите ја исполниле желбата на сопружниците да бидат чувари на храмот, како и нивната втора желба - да умрат во ист час: „ни јас никогаш да не го видам гробот нејзин, ни таа да не ме погребе мене“.[7] И еден ден, во длабока старост, на двајцата прислужници во храмот одненадеж почнале да им растат листови и гранки и тие се претвориле во дрвја: Филемон во даб, а Баукида во липа.[8] Сопружниците имале време само да се прегрнат и да си кажат збогум.[9]

Друг пример за преобразба на луѓе во дрво кај едонско-бригиските племиња е легендата за Демофонт, синот на Тезеј и брат на Акамант кој на враќање од Тројанската војна престојувал во Тракија, читај источно македонско крајбрежје,[10] каде што се оженил со Филида, керка на Ситон

[2] Овидиј Насон, *Преобразби* (Ovidius Naso, Metamorphosis, VIII), превод од латински на македонски Љубинка Басотова (Скопје: Три, 2002), 628 – 730.

[3] Имено, патникот- намерник од античко сè до модерно време бил сфаќан како бог.

[4] Овидиј, *Преобразби*, 648 -684.

[5] Ова е укажување на обичајот азилија (ἄσυλον) букв. засолниште, т.е. заштита. Во античко време луѓето прогонувани за престапи кога ќе успеале да влезат во храм, што бил неприкосновено место, биле ослободени од понатамошно прогонување, зашто тоа се сфаќало како знак дека боговите ги зеле под своја заштита.

[6] Овидиј, *Преобразби*, 684 – 698.

[7] Овидиј, *Преобразби*, 715-716.

[8] Овидиј, *Преобразби*, VIII, 630 – 729. Овде треба да се потсетиме дека дабот е задолжителен мотив на златните венци во македонските гробници и чест мотив на македонскиот накит.

[9] Овидиј, *Преобразби*, 701-724

[10] Nade Proeva, “On the Names of Thracia and Eastern Macedonia”, *Κρατοςτος Сборник в чест на професор Петър Делев* Volume in honour of Professor Peter Delev (София: Университетско издателство „ Климент Охридски“, 2017), 75 – 82.

– епоним на Ситонците, но по извесно време заминал и трајно се населил на Кипар. Бидејќи не се вратил како што ѝ ветил на Филида, таа се претворила во безлисно бадемово дрво, но потоа кога тој дошол и го обгрлил дрвото, тоа разлистало.[11]

Легендата за Баукида и Филемон е стар бригиско-фригиски мит за потопот при што причината за потопот е поврзана со моралните вредности на луѓето, и тоа е различно од хеленскиот мит за потопот. Имено, во хеленскиот мит потопот е казна од Зевс за целото човештво, и е копија на сумерскиот мит за потопот опишан во Епот за Гилгамеш,[12] што јасно ги покажува позајмените семитски обрасци на хеленската митологија и култура.[13] Овде треба да се укаже дека легендата за Филемон и Баукида ја нема во хеленската митологија - не се споменува ниту во култот на Зевс ниту на Хермес, но иако не е хеленска, сепак ја има во секој лексикон за грчко-римска митологија, исто како и култот на фригискиот Атис и Кибела - уште еден убав пример на погрешниот, хеленоцентричен пристап во изучување на културата и историјата на другите, нехеленски народи и на традиционалното толкување на хеленската религијата. Хелените преземале божества и култови од другите народи и притоа ги прилагодувале во согласност со нивната духовност. Затоа за Атис има два вида пребразби, според едната, по самокастрацијата Атис се претворил во борово дрво,[14] додека според другата во темјанугa/синоличка од неговата крв. [15] Со оглед на тоа дека во грчката митологија човечките преобразби биле јасно разграничени: девојките секогаш биле претворани во дрвја, а момчињата во цветови, јасно е дека преобразбата на Атис во бор е фригиската легенда, додека пак темјанугата е грчка адаптација. Исклучок од ов ааправило е убавото момче од Крит, коешто Аполон го претворил во Кипарис - дрво на жалоста, но овде треба да се потсетиме дека Аполон не е изворно хеленско божество туку божество со ориентално потекло - преземено од хетско-вавилонската култура со посредство на Крит.[16] За разлика од Аполон, култовите на Атис и на Кибела доцна биле прифатени од Хелените (VI век ст. ера)[17] и во тнр. грчко-римски свет станеле омилени дури во космополитското хеленистичко време. Притоа треба да се напомене дека во хеленската митологија се преобразуваат единечни и млади ликови, додека во фригиската легенда имаме преобразба на двојка т.е брачен пар во поодминати години.

Овидиј запишал дека во античко време двете дрвја пред храмот биле почитувани од верниците кои што оставале венци на нивните

[11] Ovidius, Heroides, II.

[12] Гилгамеш, плочка XI, ст. 1-203. Зачуваните сумерски поеми во епот на Гилгамеш, се од време на Третата династија на Ур (2100–2000 ст. ера) чиј владетел околу 2700 г. ст. ера бил Гилгамеш.

[13] Доволно е да се потсетиме дека и името на европскиот континент е семитско: митот за грабнувањето на фојникиската принцеза Европа од Зевс – што е симболично „грабнување“ т.е. преземање на староисточните достигнувања, што убаво се гледа од критско-микенскиот дворски систем, што е копија на источниот, од слоговното писмо итн. Види Наде Проева, „Македонската цивилизација во очите на ЕУ-бирократите“, (Меѓународна научна конференција на институтот за историја и археологија, при Факултетот на образовни науки, Универзитет Гоце Делчев – Штип, 23.11.2023), во печат.

[14] Овидиј, *Преобразби*, X, 103-105.

[15] Ovid, *Fasti*, IV, 233.

[16] Види Драгослав Срејовић и Александрина Цермановић, *Речник грчке и римске митологије* (Београд: Српска књижевна задруга, 1989) s. v. Аполон: 40.

[17] Митот за Атис првобитно не бил дел од култот на фригиската мајка – божицата Кибела, туку двата култови биле поврзани во време на кралот Мида.



Сл. 1. Надгробна стела, с. Волково
Fig. 1. Funerary Stele, Village of Volkovo

гранки,[18] зашто со претворање на двајцата смртници во дрвја тие всушност биле хероизирани. Мотивот „венец обесен на столбови од храм“, поправо на столбови од гробна едикула, се среќава на надгробните споменици во Македонија, а не венци на букрании (bucranium, pl. bucrania) како што е на спомениците од западната латинска, тнр. римска културна сфера.

Одразот на легендата за Филемон и Баукиа во Македонија може да се прочита на надгробните споменици од долината на р. Вардар, на коишто е прикажана човечки фигури во вид на зимзелено дрво. Дека станува збор за стилизирана човечка фигура во облик на дрво недвосмислено се гледа од приказот на една стела од с. Волково,[19] при што гранките се допираат, така што е очигледно дека фигурите се држат за раце. Имено на надгробните споменици, иако поретко, има приказ на човечки фигури фатени за раце.[20] Горниот дел на ‘‘рацете‘‘ е украсен со попречни црти со коишто очигледно се сакало да се прикаже облеката. (сл. 1)

Фигури на покојниците во вид на зимзелено дрво, помалку или повеќе стилизирани, во Македонија најчесто се среќаваат во рељефното поле на надгробните споменици од две

[18] Овидиј, *Пробразби*, VIII, 628, ff.

[19] Никола Вулић, “Антички споменици наше земље“, *Сп̄оменик Срп̄ске Краљевске Академије* LXXI, (Београд: Српска академија уметности, 1931), no 363.

[20] Таков мотив се среќава на надгробни стели од Рим. Види L. Scalco, *Ritratti funerari*, 98, 277 no. 117, како и во *Галија* Esperendieu, Receuil general, no 1132; а на Балканот во Далмација на една од с. Каран, Ужице, Никола Вулић, “Антички споменици наше земље“, *Сп̄оменик Срп̄ске Академије Наука* XCVIII (Београд: Српска академија уметности, 1941-1948), no. 479, и на една од Скелани - Municipium Malvesatium Nadezda Gavrilovic, - Vitas, “People behind the faces Iconography on funerary monuments in the western parts of the CB Roman provinces”, in Barbara Porod – Peter Scherrer [Hrsg.], *Akten des 15. Internationalen Kolloquiums zum Provinzial römischen Kunstschaffen* (paper presented at the International conference Der Stifter und sein Monument, 14-20 јун, 2017) [2019], fig. 18.

области: Пелагонија - тнр. „прилепска група“[21] и во Тиквешијата - тнр. кавадаречка, поточно тиквешка група стели.[22] На тнр. „прилепска група“ покојните се прикажани стилизирани во вид на зимзелено дрво, (сл. 1)[23] или во скратен облик – само шишарка, како супститут за целото дрво.[24] (сл. 2) Зимзеленото дрво е искористено за приказ на човечка фигура така што главата (vertex) е прикажана како шишарка, телото (truncus) како стебло, а рацете (bracchia) со гранки.

За приказот на покојници во вид на дрво можеме да се повикаме на античките автори кои што дрвјата ги споредувале со луѓето. Тие се како луѓе: стојат исправени како војник или изгледаат витки како младоженец.[25] Плиниј постариот пишува дека „има и сок во телото на дрвјата, на којшто мора да се гледа како на нивна крв“ и дека „општо телата на дрвјата, како и на другите живи суштества, имаат кожа, крв, месо, жили, вени, коски и срцевина“[26] и дека се разболуваат како луѓето.[27] Колумела пак, во неговото дело De Re Rustica ги споредува корењата на дрвјата со нозете, трупот со телото, гранките и ластарите со рацете, а лисјата со облеката.[28] Овидиј пак ја запишал епизодата за бебожниот Ерисихтон кој кога сечел огромно стебло од стародревен и свет даб, обвиткано со ленти и плочки оставени од верниците за нивните желби, од расцепената рана на кората почнале да течат крвави



Сл. 2. Надгробен ципус, с. Подмол
Fig. 2. Funerary Cippus, Village of Podmol

[21] Nade Proeva, “Les stèles funéraires decorées de pins et de pommes de pin en Haute Macédoine”, (article présenté au Xe colloque international sur l’art provinciale romain, Arles et Aix-en-Provence, 21-23 mai 2007 in Les ateliers de sculpture régionaux : techniques, styles et iconographie), 469 – 481, fig. 1-5.

[22] Ознаката „кавадаречки стели“ во стручната литература ја воведе Н. Вулиќ, но со оглед дека стелите ги има насекаде во Тиквешијата „тиквешки стели“ е правилен термин.

[23] Proeva, “Les stèles funéraires decorées” , 469

[24] Прилепец, Вулић, “Антички споменици”, 1931, no 460 (стела); Подмол, Вулић, Антички споменици 1933, no 21= Вулић, Антички споменици 1941-1948, no 55 = IG X,II, 2 no 179 (cipus). Proeva, “Les stèles funéraires decorées”, 476

[25] Sappho, 115 L-P.

[26] Plin. HN 16.72.181.

[27] Plin. HN 17.37.224, 17.37.248.

[28] Columella, de re Rustica. 3.10.11.



Сл. 3. Надгробна стела, с. Белештевица
Fig. 3. Funerary Stele, Village of Beleštevica

млазови, а од дрвото се слушнал глас. Тоа бил гласот на, во даб претворената нимфа Керкина, којашто му се заканила дека ќе му се одмазди.[29] Во легендите и митовите од античко време боговите имале моќ не само да се преобразуваат самите, најчесто во облик на животни и птици, туку и да ги преобразуваат луѓето во дрвја (девојките) или цветови (момчињата). Имено во античко време дрвјата биле симболи за изразување вечност, вечна младост, исцелување, преродба, заштитувачка моќ итн.

Покојниците се прикажувале во вид на зимзелени дрва затоа што поради нивното постојано зеленило, биле симбол на вечен живот и на бесмртност, а тоа покажува дека во случајов станува збор за своевидна хероизација на покојните – на неколку стели тие се означени со епитетот heros. Имено, станува збор за исконското верување во вечен живот искажувано преку хероизација на покојните замислени и прикажани во облик на дрво, верување што се задржало сè до крајот на антиката.

Многу поретко и најчесто на стелите од прилепската група се среќава скратен мотив: шишарка на ара,[30] и досега најјужно е посведочен на стели од Солун (Thessalonike).[31] Мотивот ара со шишарка, освен во сводно поле на стелите од прилепската група,[32] прикажан е во горниот агол на фронтонот на една стела од с. Белештевица, велешко[33] при што покојник е дете коешто е означено како heros, а неговите родители во епитафот запишале дека му изградиле хероон (сл. 3) Очигледно е дека шишарката поставена на ара го симболизира хероонот што веројатно бил изграден одделно, многу веројатно токму со таков облик. Ара со шишарка е прикажана и на надгробната стела на несреќниот Антиној, лубениот на Хадријан, кој по давењето во Нил бил дивинизиран (најчесто како Дионис) и кому му биле градени фунерарни храмови низ целото Римско царство, На стелата на Антиној, најдена

[29] Овидиј, Преобразби, VIII, 750 – 781.

[30] Вулић, *Антички споменици* 1931, no 418 =IG X, II, 2, no 227 = Proeva, *Les stèles funéraires decorées*, 473, no 6); Вулић, Антички споменици, 1931, no 450= IG X, II, 2, 212 = Proeva, *Les stèles funéraires decorées*, 473, no 7, fig. 5 -покојникот е означен како херој.

31 Charles Picard and Charles Avezou, "Inscriptions de Macédoine et de Thrace", *Bulletin de correspondance hellénique* Volume 37 (1913) :101-102, no 12, fig 1; IG X, II, 1, no 435.

[32] Proeva, *Les stèles funéraires decorées de pins et de pommes de pin*: 472, no 4, fig. 5 = Вулић, *Антички споменици*, 193, no 450 = IG X, II, 2, 212

[33] Проева, „Иконографија", 99, бр. 8.

во 1907 год. во Lanuvio,[34] е прикажана ара со шишарка, што значи дека овој мотив на нашата стела е симбол на хероон за покојниот. Освен означување на покојните како heros во епитафите, на една стела од Солун во горното рељефно поле маж и жена прават либација на четрвртаста ара со шишарка врз неа (за жал натписот за долното рељефно поле не е зачуван),[35] а бидејќи покојната била свештеничка таквиот приказ може, освен нејзината должност, да означува и дека таа била посмртно хероизирана. На другата стела исто од Солун со приказ на ара со шишарка покојниот син е прикажан како коњаник, очигледно хероизиран, додека пак во натписот таткото вели дека изградил споменик, mnema, за своите две ќерки и за себе, живиот, чиј симбол очигледно е прикажаната ара со пишарка.[36]

Дека навистина станува збор за хероизација на покојните прикажани во облик на дрво коешто има фунерарна симболика, може да се види и од иконографијата на стелите од тиквешката група. На една стела со две релјефни полиња од Кавадаречко во горното рељефно поле прикажано е дрво со три оголени корења меѓу две човечки фигури (сл. 4),[37] а пак на една друга стела шематизирано дрво е поставено на правоаголен постамент (сл. 5) меѓу две други дрвја со три оголени и шематизирани корења.[38] Иста иконографска шема, дрво на постамент и две дрвја од страните под свод, има на една стела од лок. Белград близу Кавадарци.[39] Покојниците



Сл. 4. Надгробна стела, Кавадаречко
Fig. 4. Funerary Stele, Kavadarci Region

(возрасни или деца) во рељефно поле на стели од пелагонискиот и тиквешкиот крај често се прикажани на правоаголен постамент или на

[34] Christoph W. Clairmont, "Die Bildnisse des Antinous : Ein Beitrag zur Porträtplastik unter Kaiser Hadrian", *Revue des Études Anciennes,* Tome 69 (1967), T. 7, 5

[35] Picard and Avezou, "Inscriptions de Macédoine", 101-102, no 12, fig 1; IG X, II, 1, no 435.

[36] IG X, II, 1, no 435.

[37] Вулић, „Антички споменици", 1941 - 1948, no 134.

[38] Вулиќ, „Антички споменици",1941 - 1948, no 133.

[39] Proeva, La stèle funéraire: 286, сл. 3 на стр. 293, погрешно обележена како 2. Живојин Винчиќ, *1000 години антика во Тиквешијата* (Неготино: Собрание на општина Неготино, 1996), 354 оваа стела ја објавува како необјавена, а Никос Чаусидис, „Манихејско толкување на римските споменици од т.н. кавадаречка група", *Македонско наследство/Macedonian heritage*, IV/11, (1999): 3-78, препечатена во *Дуалистички слики* (Скопје: НИК Лист 2003, 21-77, со додаток VI и VII 79-87) , упатува на него, а не на editio princeps (Proeva, "La stèle funéraire").



Сл.5. Надгробна стела, Кавадаречко
Fig. 5. Funerary Stele, Kavadarci Region



Сл. 6. Надгробна стела, Кавадаречко
Fig. 6. Funerary Stele, Kavadarci Region

ара, често под свод во релјефното поле,[40] што значи дека всушност се прикажани статуи на хероизирани покојници. На тоа укажуваат стелите на коишто покојните на постамент се прикажани пред коњаник во рељефното поле[41] како и ознаката heros haire на некои од нив.[42] Имено коњаникот на надгробните стели е симбол на хероизирани покојници или претци.[43]

[40] Пелагонски крај: Вулић, „Антички споменици“, 1931, nos 148, 167, 344, 399, 417; Вулић, „Антички споменици“, 1935, no 196; Тиквешки крај: Вулић „Антички споменици“, 1941 - 1948, nos 109, 137, 140, 147, 142, 147.

[41] Вулић, „Антички споменици“, 1931, no 399 (Кален); Вулић, „Антички споменици“, 1935, no 196 (Кривогаштани).

[42] Вулић, „Антички споменици“, 1941 - 1948, no 140.

[43] Детално за ова Наде Проева, „Хероизација покојника у римској провинцији Македонији“, *Зборник Народног Музеја* XX-1 (Београд: Народни музеј, 2011), 137.

Во античко време предците се третирале како заштитници, и редовно се повикувале да дојдат и да споделат оброк за време на обредите. На една стела од Македонски Брод, коњаник пред дрво е прикажан во фронтонот (место за хероизираните претци) додека биста на дете на висока ара е прикажана во заднината на рељефното поле, над фигура од Херакле, прикажана меѓу машка и женска фигура, веројатно родители на детето. [44] Иконографијата на ова стела е јасна: фигурата на Херакле треба да означува дека детето (бистата на ара) е хероизирано, и голема штета е што натписот не е зачуван. Соодветно на овие примери, јасно е дека шематизираното дрво поставено на постамент помеѓу две други дрвја (сл. 6), всушност е шематизиран приказ на статуа за хероизираниот предок. [45] Другите две дрвја со оголени корења[46] не може да бидат статуи на покојниците зашто се прикажани со корења и очигледно се хероизирани покојници. Јасно е дека на оваа стела станува збор за приказ на хероизираниот предок заедно со новите, хероизирани покојници. Од околината на Кавадарци има надгробни стели, кадешто освен покојните прикажани во релјефно поле, има приказ на дрвја со оголени корења во фронтонот (сл. 6).[47] Тоа се стилизирани човечки фигури во вид на дрво, при што е јасно дека тоа се хероизирани претци.[48] Очигледно е дека дрвото на постамент помеѓу две дрвја со корења, на стелите од Кавадаречко е шематизиран приказ на статуа како симбол за хероизираниот предок. Тоа покажува дека не станува збор за троножец, ниту за Корибанти на Кибела,[49] или пак за пресечено дрво што би ја симболизирало смртта на Атис.[50] Имено, на 22 март на празникот наречен *Arbor intrant*, се носело борово дрво во светилиште на Атис каде што верниците ја оплакувале неговата смрт, зошто според една верзија на легендата, повторно запишана од Овидиј и во истото дело,[51] Атис се претворил во бор. Но, на нашиве стели, како во рељефното поле така и во фронтонот не е прикажано едно дрво, туку повеќе – секогаш по две во пар. Овие стели се јасен и недвосмислен доказ против толкувањата дека станувало збор за елементи од култот на Атис и на Кибела кои ги заменувале ликовите на покојните, те. дека ги симболизирале покојните кои божем биле верници на Атис и Кибела, за што нема никакви показатели во нивните епитафи.[52] Исто така треба да се потсетиме дека во Р. Македонија (главно Горна и дел од Долна Македонија) досега не е најдена ниту една стела со приказ на тнр. фунерарен Атис, а колку што можев да проверам се чини дека нема ни во грчкиот дел на Македонија (главно Долна Македонија и дел од Горна) што значи дека ги нема на целата територија на римска Македонија - proprie dicta, без илирскиот дел што бил вклучен во македонската провинција. И врвниот зналец на историјата и културата на Фригија, Луи Робер, докажа дека дури ни во Фригија, татковината на Атис, приказот на Атис

[44] Вулиќ „Антички споменици“, 1941 - 1948, no 48.

[45] Проева „Хероизација покојника“, 138.

[46] Вулиќ, „Антички споменици“, 1941 - 1948, nos 133.

[47] Вулиќ, „Антички споменици“, 1941 - 1948, no 137.

[48] Проева, „Хероизација покојника“, 145

[49] Charles Picard, “Sur quelques documents nouveaux concernant les cultes de Cybèle et d’Attis: de Balkans à la Gaule”, *Numen* IV (1956): 4-10. Pl. II; Проева, „Иконографија“, 97.

[50] Michel Renard and Carl Deroux, “Attis doubles et triples de Yougoslavie et d’ailleurs”, in *Hommage à R. Schilling, Coll. d’études latines*, XXXVII, (Paris: Les Belles Lettres, 1983), 203-204

[51] Овидиј, *Преобразби*, X, 103-105

[52] Детално за ова Проева, „Иконографија“, 97 - 98.



Сл. 7. Надгробна стела, с. Браилово.
Fig. 7. Funerary Stele, Village of Brailovo

на надгробните споменици не докажува дека покојникот бил негов верник,[53] та така и дрвјата на нашиве стели не се доказ дека станува збор за верници на Атис.

Овде треба да се каже дека борот и шишарката имаат симболично значење во култот на Римјаните (но не и кај Хелените). Фронтонот или врвот на речиси секоја стела во западната тнр. латинска културна сфера се украсени со борова шишарка,[54] и затоа шишарката се прифаќа како римски мотив. Таквото раширено мислење го имав прифатено во трудот за прилепската група надгробни споменици поднесен на меѓународниот колоквиум во Арл, Франција, чија што тема беше регионалните работилници, техники и иконографија, [55] дотолку повеќе што овој мотив во Македонија досега не е заблежан на надгробните споменици од предримско време. Од градот Пелагонија, на чија што територија се наоѓала локална каменорезбарска работилница[56] кај нас е откриен само еден легионерски епитаф од градот Пелагонија.[57] Епитафи на неколку преторијанци и легионери најдени се во Рим и на други места надвор од Македонија, така што не е логично дека овој мотив во областа го „донеле“ војниците. Во моите понатамошни споредбени изучувања на мотивот на дрво на надгробните споменици од Пелагонија и од Тиквешијата дојдов до заклучок дека не станува збор за римски мотив, туку за оживување на старо домашно верување потиснато и оживеано од римските доселеници. Имено ако стануваше збор за римски мотив тогаш би трабало да го има на спомениците од почетокот на римското владеење со Македонија. Но сите наши стели датираат од II-III век н. ера и појавата на овој мотив е резултат на оживувањето на домашните верувања (како што е легендата за Филемон и Букида) и традиции - појава забележана во доцно римскиот период насекаде во римскиот свет.

На надгробните споменици во Македонија, шишарката секогаш е прикажана во фронтонот често како единствен мотив, и очигледно има сосема поинакво значење. Шишарка во фронотон се среќава на неколку стели од Прилепската група (сл. 7), стела Браилово и од Тиквешкиот

[53] Louis Robert, “Inscriptions mal classées, 4. Autel funéraire à Thyatire”, *Hellenica* X (1955): 253/4, n. 6.


[54] Можеби шишарката која што латинските автори ја споредуваат со глава на човекот на таквите споменици го симболизира покојниот.

55 Proeva, “Les stèles funéraires décorées”, 478.

[56] Во соседното село Мојно, најден е постамент со посвета за императоторот Галиен, со потпис на мајсторот, види. *IG* X, II, 2, no. 173.

[57] *CIL* III, 630.

крај каде што романизацијата е најсилна.[58] Боровата шишарка пак, поставена на ара во Македонија е прикажана во релјефното поле како главен иконографски мотив, симболизирајќи го покојникот. (сл. 8) Во римската културна сфера приказ на борова шишарка поставена на ара во рељефно поле се среќава многу ретко. На неколку стели од Галија (Аквитанија: Бурж и Бордо) арата со шишарка секогаш е прикажана меѓу два пиластри на рељефно поле (веројатно приказ на храм),[59] што поправо укажува дека покојниот е верник, посветен на култот на дрвото посведочен кај Келтите. Овој мотив, го има во фронтонот само на една група стели во долината на реката По во Италија,[60] население со келтски субстрат. Шишарка на мала ара во Македонија се среќава во главното рељефно поле (стели во Пелагонија, сл. 8 во Солун),[61] многу поретко во фронтонот (сл. 7),[62] притоа е замена и симбол за зимзеленото дрво. Начинот на користење на овој, како што погрешно се нарекува „римски“ симбол на нашите стели укажува дека имал поинакво значење. Не само што бил замена (substitution) за покојникот туку го симболизирал вечниот живот. Очигледно е дека станува збор за оригинален начин на прикажување на хероизирани покојници согласно на домашното верување за вечен живот и всушност е одраз на праставото бригиско/фригиско верување што јасно се гледа од легендата за Филемон и Баукида. Овој начин на прикажување на човечка фигура – во вид на зимзелено дрво - е уникатен не само во Македонија туку и во целокупната римска уметност. Иконографијата со ваков приказ на покојните ја покажува голема инвентивност на македонските мајстори, особено на стелите од “прилепската група”, така што не може да се зборува за туѓо влијание или за доселеници – патем речено имињата на покојните на овие стели се на романизирани староседелци.



Сл. 8. Надгробна стела, Варош, Прилеп.

Fig. 8. Funerary Stele, Varoš, Prilep

[58] Вулић, „Антички споменици“, 1931, no 360, Вулић, „Антички споменици“, 1941-1948, nos 76 (Смилево), 362 . Proeva, “Les stèles funéraires decorées”, 476.; Тиквешки крај: Вулић, „Антички споменици“, LXXI, no 136, 158; Вулић, „Антички споменици“, 1941 - 1948, no 142.

[59] Esperendieu, *Receuil general*, во Аквитанија: no 1230 (Бордо), nos 1500, 1502, 1515 (арата е ставена на конзола), 1540 (Бурж).

[60] Guido Achille Mansuelle, *Le stele romane del territorio Ravenate e del basso Po* (Ravena: A. Longo 1966), nos 40, 44, 46, 54, 62, 64, 94.

[61] Вулић, „Антички споменици“, LXXI, no 418 (Варош, Прилеп)= IG X, II, 2, no. 227; no 450 (Прилеп) = IG X, II, 2, no.212= Proeva, “Les stèles funéraires décorées”, no 7, fig. 5. За солунските стели види заб. 31.

[62] Проева, „Иконографија“, 99, бр. 8 (с. Белештевица).

Ваквите прикази на надгробните стели во Македонија се одраз на фригиската легенда за Баукида и Филемон од многу далечно време. Ова покажува дека фигурите во облик на бор на стелите од прилепската група, исто како и шематизираните дрва на тиквешките стели, ги претставуваат токму покојните, или пак нивните хероизирани претци - кога се во форнтонот. Ваква хероизацијата на покојните - во вид на зимзелено дрво, освен во Македонија, не се среќава на ниту едно друго место во тнр. грчко-римски свет и е одраз на бригиско-фригиската сродност.

Ако се потсетиме дека Бригите живеле во Македонија пред нивното делумно отселување во М. Азија и дека во историско време се споменуваат бригиски енклави на територијата на Македонија (Her., VII, 73; Strab., VII, 337, fr. 8; Ps.-Scymn., Periegesis, 4. 37; Plut., Brut., 45; Proc., De aed. IV, 4) Херодот, VI, 45, VII, 185) јасно е дека станува збор за стар, домашен обичај. А ако се знае дека Бригите/Фриги биле најстарите жители во Македонија, а со тоа и субстрат во етногенезата на античките Македонци[63] станува повеќе од јасно дека дрвјата прикажани на надгробните споменици од тиквешки тип се одраз на поврзаноста и на сродството Бриги/Фриги. Со овие надгробни споменици се докажува една прастара традиција за преселбата на Бригите во XII век ст. ера, и се редок пример на материјален одраз на легендарното минато и во тој поглед се исклучително значајни. Ова покажува дека митовите се одраз на идентитетот, нешто што е недоволно вреднувано во досегашните изучувања и дека е потребен интердисциплинарен пристап во изучувањето.

Овој пример истовремено покажува колку е важно правилниот методолошки пристап, односно споредбено изучување на расположливите извори: пишаните (митови), епиграфски (имињата на натписите) и иконографски (прикази на спомениците), во изучување на религијата како една од најзамаглените области во културата старите народи.

Да се вратиме на легендата за да заклучиме. Реминисценција на оваа легенда има во Новиот завет. Кога Св. Павле (Савле) и Варнава дошле во градот Листра (денес Kilistra, Турција) воодушевената толпата луѓе ги дочекала извикувајќи: ‘‘Боговите слегле при нас во образ човечки‘‘ и Варнава го нарекоа Севс, а Павла Хермес бидејќи тој управввувваше со словото. [64]

Кога боговите се мешале во работите на луѓето тие се појавувале во човечки лик, та затоа дури и патникот – намерник бил сфаќан како бог, таква традиција е зачувана во македонските народни преданија.

Оваа легенда била чест мотив во литературата, во музичката, сценска и филмска и ликовна уметност од XVII век наваму, од интелектуалци како Goethe, Ch. Gounod, A. Breton, и др. Холандскиот сликар пак од златното доба Вилем де Портер ја насикал средбата на Св. Павле и Варнава со народот[65].

[63] Наде Проева, *Студии за античките Македонци* (Скопје: Македонија Прима, 1997), 80 – 114, особено 101 – 110.

[64] *Свето Писмо на Стариот и Новиот Завет* (Скопје: Британско и иностранo Библиско Друштво во соработка со Македонска книга, 1991), Дела 14:11-12.

[65] Willem de Poorter, *St. Paul and St. Barnabus at Lystra* (North Carolina Museum of Art), 1636.

SUMMARY

ON THE REFLECTION OF A PHRYGIAN LEGEND ON THE ROMAN PERIOD TOMBSTONES OF THE MACEDONIANS

Nade PROEVA

The Phrygian legend of Philemon and Baukis tell us that they were turned into The Phrygian legend of Philemon and Baukis tells us that they were turned into the linden and the oak (Ovid, Metamorphosis, VIII, 628 – 730). Turning two mortal spouses into trees actually heroized and immortalized them. The metamorphosis of the human into the tree implies eternal life. The reflection, i.e., the reminiscence of such belief in eternal life recorded in the Phrygian legend is clearly visible on a set of tombstones from the Roman period in Macedonia, most numerous on the middle course of the river Vardar (Axios), extending to its mouth. On these tombstones, there is a depiction of human figures in the form of an evergreen tree, more or less stylized. The schematized trees on the Tikvesh stelae, just like the pine-shaped figures on the stelae from the Prilep group, represent exactly the deceased, the trees as symbols express heroization of the dead or their heroized ancestors - when they are in the pediment. The iconographic motif of the tree is found in abbreviated form: the pine cone motif on an altar (Prilep group stelae and on stelae from Thessalonica).

This kind of heroization of the deceased - in the form of an evergreen tree is found in no other place except Macedonia in the Greco-Roman world. The legend of Philemon and Baucis is not found in Hellenic mythology, i.e., in the cult of Zeus or Hermes; it is a reflection of Brygian-Phrygian kinship.

This legend is compatible with the ancient tradition about the migration of the Brygians, preserved only as a myth, as well as the Phrygian / Brygian kinship - the latter a substrate in the ethnogenesis of the ancient Macedonians, and shows that we should also study identity through myths.